Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Управа за извршување на санкциите
Воспитно поправен дом Тетово

**Бр.01-193/1**
Тетово, 23.03.2022 год.

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА НА ВПУ ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО ЗА 2022 г.

Март, 2022 година

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**
**Воспитно поправен дом Тетово**

Врз основа на член член 31 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 99/2019 и 220/2019), а во согласност со Заклучокот од 50-та седница на Владата на РС Македонија точка 83, одржана на 2-ри март 2021 година, а во врска со Информацијата за преземање на мерки против корупција, Директорот на ВПУ Воспитно поправен дом Тетово на ден 23.03..2022 година д о н е с е:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА НА ВПУ ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО ЗА 2022 г.

## ВОВЕД

Воспитно поправен дом Тетово со локација во с.Волковија, е орган во состав на Министерството за правда, а под надлежност на Управата за извршување на санкциите. Таа е воспитно поправна установа во која престојуваат деца на кои што надлежен суд им изрекол воспитна мерка – "упатување во воспитно поправен дом" за сторени кривични дела. Во воспитно-поправен дом детето останува најмалку една, а најмногу пет години, односно до наполнета 23 годишна возраст.

Целта на извршувањето на воспитната мерка е заштита, образование, воспитување и превоспитување, социјализација, помош и грижа за децата за да се обезбеди правилен развој на нивната личност.

Работата во воспитно-поправниот дом се организира така што на детето му се обезбедуваат услови за основно и средно образование и воспитување, за стекнување и развивање на позитивни навики, на вредносни особини и за работно оспособување и оспособување за одделни занимања. Во домот на детето му се обезбедуваат и услови за активно користење на слободното време со културни, забавни и спортски активности.

Во воспитно-поправниот дом децата се распоредуваат во воспитни групи според возраста, лични особини и други карактеристики, кои овозможуваат примена на индивидуално прилагодени стимулативни методи на работа со детето во групата. Со распоредувањето во групи се преземаат мерки за одржување на редот и дисциплината со цел спречување или оневозможување меѓусебни негативни влијанија.

Со Воспитно поправниот дом Тетово, раководи Директор кој го именува и разрешува Владата на предлог на Директорот на Управата за извршување на санкциите.


С.Волковија, Тетово
Република Македонија
+389 42 311 661
www.pravda.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Управа за извршување на санкциите
Воспитно поправен дом Тетово

## ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Вршењето на задачите и реализацијата на целите на Воспитно поправниот дом е во непосредна врска со преземањето на соодветни мерки кои се насочени кон отстранување на разните видови коруптивно однесување кои би можеле да се појават во најразлични форми како што е неморално и неетичко однесување, судир на интереси, непотизам и др.

Во таа насока е потребно да се изврши идентификација на ризичните области, како и воспоставување на алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области, со предлог решенија кои ќе придонесат во превенирањето, спречувањето или намалувањето на ризиците на корупција при спроведувањето на надлежностите од Домот, кои активности се утврдуваат со овој Годишен план за спречување на корупција на Воспитно поправниот дом Тетово.

Активностите врз основа накои се заснова Годишниот план за спречување на корупција на Воспитно поправниот дом Тетово се во согласност со препораките доставени од страна на Владата на Република Северна Македонија:

1. Изготвување на анализа за ризичните области за корупција во рамките на делокругот на работењето на државните органи како и детектирани недостатоци во законите;
2.Идентификување на причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата;
3. Воспоставување на алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области;
4. Јакнење на капацитетите на институциите со особен акцент на јакнење на интигритетот на вработените;
5.Навремено постапување во врска со остварување на потребните услуги кон правните и физички лица;
6.Почитување на законските прописи, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата како и Кодексот за административни службеници;
7. Почитување на законските прописи, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата како и Кодексот за административни службеници;
8.Зајакната контрола и надзор на јавните набавки;
9.Зајакнување на меѓуинституционалната соработка и соработка во борбата против корупција преку платформата Интероперабилност;
10.Јакнење на алатките за отчетност и транспаретност во работењето на министерствата и органите на државната управа.


Министерство за правда
Воспитно поправен дом Тетово
С.Волковија, Тетово
Република Македонија
+389 42 311 661
www.pravda.gov.mk

**I. Изготвување на анализа за ризичните области за корупција во рамките на делокругот на работењето на државните органи како и детектирани недостатоци во законите;**

Области каде најчесто постои ризик за појава на корупција при спроведување на надлежностите на Воспитно поправен дом Тетово се:

- Постапки за јавни набавки;
- Постапки за вработување и именување;
- Постапки при доделување на погодности и привилегии на децата кои издржуваат воспитна мерка;
-Постапки за преземање на финансиски обврски и финансиска дисциплина;

**II. Идентификување на причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата;**

1) Постапки за јавни набавки

Главни елементи, односно причини кои претставуваат ризик за појава на корупцијата во постапките за јавни набавки се:

-активна корупција
-пасивна корупција и
-судир на интереси.

Јавните набавки се едни од најзначајните области кои се спроведуваат на централно и локално ниво, помеѓу институции од јавниот сектор, како и помеѓу институции од јавниот сектор со деловни ентитети од приватниот сектор.
Јавните набавки во Воспитно поправен дом Тетово се спроведуваат во целосно јавна и транспарентна постапка преку електронскиот систем за јавни набавки согласно со Законот за јавни набавки, а врз основа на претходно донесен Годишен план за јавни набавки.
Како ризици кои се јавуваат во постапките за јавни набавки се недоволен број на лица со соодветни квалификации и познавање на стандардите при дефинирање на техничките спецификации како и критериумите за утврдување на способноста на економските оператори. Со цел надминување на утврдената слабост потребно е зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки.

2) Постапки за вработување и именување

Главни елементи, односно причини кои претставуваат ризик за појава на корупцијата во постапките за вработување и именување се:

-Непотизам
-Кронизам
-Дискрециони овластувања

Домот со цел почитување на начелото на јавност и транспарентност во постапките за вработување, не врши вработување на лица преку Агенциите за привремени вработувања.
Постапките за вработувањата во ВПД Тетово се вршат согласно Законот за извршување на санкциите како lex specialis и Законот за работни односи, како општ закон, на припадниците на затворска полиција. За административните службеници, постапките за вработувања се вршат согласно Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор како општ закон.
Како ризици кои се јавуваат во постапките за вработување се можноста за постоење непотизам, кронизам како и дискреционите овластувања на Директорот кој одлучува за изборот на кандидат од листата од понудени кандидати. Во законите нема јасно утврдена одредба за задолжителен избор од страна на директорот, туку постои дискреционо право на избор од предложената листа на кандидати. Листата на кандидати е утврдена од Комисијата за селекција на кандидати за вработување.

3) Постапки при доделување на погодности и привилегии на децата кои издржуваат воспитна мерка

Главни елементи, односно причини кои претставуваат ризик за појава на корупцијата во постапките при доделување на погодности и привилегии на децата кои издржуваат воспитна мерка се:

-активна корупција
-пасивна корупција и
-судир на интереси.

Воспитно поправниот дом во врска со доделувањето на погодности и привилегии на децата постапува согласно законските одредби и подзаконските акти кои ја регулираат таа област.

4) Постапки за преземање на финансиски обврски и финансиска дисциплина

Цел на финансиското управување и контрола е подобрување на финансиското управување заради постигнување на следните општи цели:

-Вршење на работите на правилен етички, економичен, ефективен и ефикасен начин;
-Усогласовањето на работењето со законите и другите прописи, утврдената политика, плановите и постапките,
-Заштита на имотот и другите ресурси.

Воспитно поправниот дом во врска со финансиските обврски и финансиската дисциплина како и финансиската контрола постапува согласно законските одредби кои ја регулираат таа област.

## III. Воспоставување на алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области

1) Постапки за јавни набавки

Со цел надминување на утврдената слабост потребно е зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки.

2) Постапки за вработување и именување

Со цел надминување на утврдената слабост потребно е системско решение во постапките за вработување со кое би се ограничило дискреционото право на избор.

3) Постапки при доделување на погодности и привилегии на децата кои издржуваат воспитна мерка

За успешно откривање и санкционирање на неправилностите, потребно е да се зајакнат механизмите за внатрешна контрола и стриктно постапување на вработените согласно Законот за извршување на санкциите и Упатството за доделување на погодности и привилегии на децата кои издржуваат воспитна мерка.

4) Постапки за преземање на финансиски обврски и финансиска дисциплина

Воспитно поправниот дом во врска со финансиските обврски и финансиската дисциплина како и финансиската контрола постапува согласно законските одредби кои ја регулираат таа област.

## IV. Јакнење на капацитетите на институциите со особен акцент на јакнење на интигритетот на вработените

Грижата за спроведување на политиката на интегритет во Воспитно поправниот дом Тетово е индивидуална и колективна.
Директорот и раководните структури се одговорни за воспоставување и спроведување на ситемот на интегритет, како и нивна промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на сите вработени.
Директорот, раководните структури како и сите вработени во Домот се должни да го пријават секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, за кое дознало во вршењето на својата должност, како и наводи или сомнежи за незаконско однесување или повреди на кодексот. Исто така се должни да пријават доколку од нив се побара да постапат спротивно од Уставот, законите, кодексот или друг пропис.
ВПД Тетово има назначено лице за внатрешно и надворешно пријавување до кое може да се поднесат пријави за било какво корупциско однесување од страна на вработените.
За прекршување на стандардите за интегритет се поведуваат дисциплински, прекршочни или кривични постапки за утврдување на одговорност во согласност со закон.

## V. Навремено постапување во врска со остварување на потребните услуги кон правните и физички лица

Воспитно поправен дом Тетово ги презема сите активности согласно со законско утврдените надлежности.

## VI. Почитување на законските прописи, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата како и Кодексот за административни службеници

Раководните лица во ВПД Тетово како и вработените во целост ги почитуваат законските прописи како и Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на Р.С. Македонија и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата на Р.С. Македонија, како и Кодексот на административни службеници и Кодексот за однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.
Доколку постои одредено отстапување од пропишаните правила и норми истите подлежат на соодветна одговорност.

## VII. Почитување на законските прописи, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата како и Кодексот за административни службеници

Воспитно поправниот дом Тетово со цел зајакнување на довербата воспоставува систем за намалување на нивото на корупција, подобрување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста со што ќе се овозможи јавноста да има повисока доверба во работата на Домот.

## VIII. Зајакната контрола и надзор на јавните набавки

Постапките за јавни набавки во целост се спроведуваат преку Електронскиот систем за јавни набавки и истите се транспарентни како и јавно достапни. Договорите за јавна набавка исто така се јавни и се објавени во системот.

## IX. Зајакнување на меѓуинституционалната соработка и соработка во борбата против корупција преку платформата Интероперабилност

Платформата за интероперабилност овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите/компаниите на стандардизиран безбеден и унифициран начин. Размената на податоци помеѓу две институции се одвива според дефинирани стандарди за безбедност, заштита, формат и структура на податоците.
Непречениот проток на информации преку Платформата за интероперабилност, го намалува времето потребно за пренос на информациите помеѓу институциите, со што се олеснува протокот на електронски информации кои се потребни за обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните.

## X. Јакнење на алатките за отчетност и транспаретност во работењето на министерствата и органите на државната управа

Воспитно поправниот дом Тетово согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во целост ги спроведува и применува сите алатки кои се предвидени со цел отчетност и транспарентност во работењето.

Годишниот план за спречување на корупција за 2022 година се однесува за сите вработени во Воспитно поправниот дом Тетово и ќе биде објавен на веб страницата на Управата за извршување на санкциите.

**ДИРЕКТОР на**
**ВПУ ВИД Тетово**
Даниел Антоски